# Како да бидете безбедни онлајн
## Издание поврзано со Ковид-19

Ако се обидувате да го ограничите личниот контакт, ако се наоѓате во самоизолација или во карантина заради пандемијата со КОВИД-19 (коронавирус), важно е да обезбедите дека имате пристап до веродостојни информации, да останете поврзани со пријателите и семејството и да го купувате она што ви треба онлајн. Ова е тешко време за голем број Австралијци, но овие совети ќе ви помогнат да бидете информирани и безбедни и да имате поголема самодоверба кога вршите дејства онлајн.



## Како да ја следите ситуацијата

Да бидете во тек со настаните и да добивате информации од веродостојни и угледни извори може да ви помогне да го намалите чувството на неизвесност и страв. Австралиската влада ви овозможува пристап до голем број ресурси што ги обезбедуваат најновите информации и совети за промените во ситуацијата. Посетете ја australia.gov.au.

Ако имате паметен уред, преземете ја апликацијата за коронавирус на Австралиската влада (од продавницата Apple App или од Google Play) или приклучете се на WhatsApp каналот на Австралиската влада на oz.gov.au/whatsapp.

Ако во кој било момент не сте сигурни што треба да правите или ако не можете да ги најдете информациите што ги барате, јавете се на линијата за информации за коронавирусот на 1800 020 080.

## Како да останете поврзани

И покрај тоа што за време на пандемијата со коронавирусот можеби не можете да учествувате во настани или собири со заедницата или со своите сакани лица, важно е да останете во контакт со семејството и пријателите, што ќе ви помогне да го намалите чувството на осаменост и изолација.

Видеоповиците или размената на пораки на социјалните мрежи е еден одличен начин да останете поврзани. Испланирајте редовно време кога ќе вршите видеоповици или ќе разменувате пораки во кое било време во текот на денот.

Посетете ја веб-локацијата „Be Connected“ на beconnected.esafety.gov.au за бесплатни онлајн курсеви што ќе ви помогнат да научите како да ги користите безбедно видеоповиците и социјалните медиуми.

Научете како:

- да вршите видеоповици
- да ги користите популарните социјални мрежи
- да го користите Facebook

Исто така, можете да се приклучите во некоја од нашите бесплатни презентации за безбедност онлајн кога вршите видеоповици или како да бидете безбедни на Facebook:

beconnected.esafety.gov.au/bookings#connecting-to-others

beconnected.esafety.gov.au/bookings#fb

# Совети за купување онлајн

Ако се наоѓате во самоизолација или ако имате ограничена подвижност, купувањето онлајн може да ви помогне да обезбедите дека имате пристап до намирниците што ви требаат додека се наоѓате безбедно во вашиот дом. Најдобро е секогаш да купувате од безбедни австралиски веб-локации и од брендови и продавници што ги познавате. Еве неколку нешта што можете да ги правите за да бидете безбедни:

- во горниот лев агол на екранот побарајте ги буквите „https://“ (https://) во адресата на веб-страницата и иконата со заклучен катанец (🔒). Ова значи дека информациите и деталите за плаќањето ќе се шифрираат за да се заштитат вашите лични податоци од љубопитни лица и измамници што може да се обидат да го украдат вашиот идентитет.
- проверете ја адресата на веб-страницата. Адресата што завршува на .com.au значи дека локацијата е австралиска и поврзана е со австралиска фирма.
- проверете ги ABN или ACN на компанијата во Австралискиот деловен регистар на abr.gov.au за да бидете сигурни дека се работи за веродостојна фирма.
- пребарајте онлајн критики од други купувачи со внесување на името на продавницата и критиките во машини за пребарување како што е Google. Критиките ќе ви овозможат да добиете еден преглед за веродостојноста на продавницата, цените и други прашања.
- ако можете, плаќајте ги производите што ги купувате со PayPal или со кредитна картичка. Плаќањето со овие методи нуди поголема безбедност, бидејќи секакви неочекувани наплати може да се оспорат преку вашата банка или преку PayPal.

## Предност при купувањето во супермаркетите

Во Coles и во Woolworths се нуди специјално наменет „Час на заедницата“ од 7 – 8 часот наутро од понеделник до петок за постарите и поранливите членови на заедницата. Ова помага да се обезбеди една побезбедна средина за купувачите пред пазарот да се отвори за пошироката заедница.

Овие часови може да се изменат во согласност со промените што ги налага ситуацијата со коронавирусот, па затоа, проверете ги најновите детали на веб-страницата на продавницата.

Woolworths им дава предност на членовите на заедницата што не можат да купуваат во продавницата. Клиентите кои може да ја користат оваа услуга се постарите Австралијци, лицата со попреченост и оние кои имаат намален имунитет или мора да се наоѓаат во самоизолација.

Пријавете се оваа услуга за предност на woolworths.com.au/shop/discover/priorityassistance.

Исто така, Woolworths отвори и 700 локации за подигање на производи за да им помогне да клиентите со предност при купувањето да извршат онлајн нарачка и да пратат некого да ја подигне нарачката и да им ја достави во домот.

Coles нуди и онлајн услуга за предност за клиенти што се квалификуваат како лица што не можат да купуваат во продавниците. За информации за критериумите за квалификација и деталите на локацијата, јавете се кај „Coles online shopping“ на 1800 455 400. Во друг случај, посетете ја веб-страницата на Coles на coles.com.au/customernotice/onlinepriorityservice.

Постои голема побарувачка за основни прехранбени производи, па не заборавајте да испланирате однапред кога купувате и имајте предвид дека некои производи можеби нема да бидат достапни онлајн. Добра идеја е да проверите дали во вашата локална област постојат други продавници, како на пример, продавници за овошје или зеленчук, фурни и аптеки, кои што исто така нудат онлајн услуги за купување.



## Служба за оброци и опции за испорака

Услугите за испорака од ресторани како што се „Deliveroo“, „Menulog“ и „Uber Eats“, ја земаат и ја испорачуваат храната од ресторани во вашата локална област. За овие услуги ќе треба да ја преземете апликацијата од продавницата Apple App или од Google Play. За да отворите сметка, ќе треба да внесете некои лични информации. Тие ги вклучуваат вашето име, адресата на е-пошта, домашната адреса за испорака на нарачката и деталите на кредитната картичка за плаќањето.

Оброците од ресторани обично се испорачуваат во рок од еден час, но во часовите со голем обем на работа, тоа може да потрае малку подолго.

Исто така, можете да нарачате оброк и преку услугите за испорака како што се „Hello Fresh“ и „Marley Spoon“. Овие услуги нудат неделна претплата и ќе ви испорачаат одреден број картички со рецепти и храната што е потребна за да го подготвите секој оброк. Можете да ги нарачате онлајн на hellofresh.com.au, marleyspoon.com.au.

# Измами поврзани со коронавирусот

За жал, во времиња како што се овие, важно е да бидете свесни дека постојат измамници што ќе се обидат да го искористат ширењето на коронавирусот со цел да го злоупотребат стравот и вознемиреноста на австралиските потрошувачи, или ќе се повикаат на вашата дарежливост за сопствена корист. Измамите може да изгледаат и да звучат реални, но колку повеќе знаете за нив, толку полесно ќе ви биде да ги забележите.

## Вообичаени измами поврзани со коронавирусот

- Е-пораки за кражба на идентитет и телефонски повици од лажни официјални служби, како што се Светската здравствена организација, владини органи, или законски фирми како што се банките и телефонските компании.
- Исто така, можно е да добиете лажни информации за коронавирусот преку текст, на социјалните мрежи или преку е-пошта.
- Некои трговски веб-страници се обидуваат да продадат лажни вакцини или лекови за коронавирусот.
- Измамниците со инвестиции се обидуваат да ги натераат луѓето да им пратат пари, тврдејќи дека коронавирусот создаде нови поволни прилики.

## Како да се заштитите

И покрај тоа што можеби чувствувате страв и вознемиреност заради пандемијата со коронавирусот, важно е да си дадете себеси доволно време, да го прочитате внимателно она што сте го добиле и да не се чувствувате како некој да ве притиска.

- Не кликнувајте на врски во е-пораки или пораки и не отворајте прилози од лица или организации што не ги знаете.
- Пред да кликнете на врска, поминете со глушецот или со прстот преку веб-адресата за да видите дали е веродостојна.
- Внимавајте на лажни онлајн трговски страници што бараат невообичаени методи за плаќање. Секогаш плаќајте онлајн со кредитна картичка или со PayPal.
- Најдобриот начин да детектирате лажен трговец или шопинг-измама на социјална мрежа е да пребарате критики од други купувачи пред да купите што било.

Веб-локацијата „Be Connected“ нуди бесплатни онлајн курсеви што ќе ви помогнат да дознаете повеќе како да избегнете измами и слични трикови:

beconnected.esafety.gov.au/topic-library/essentials/safety-first/avoiding-scams-and-tricks

Исто така, можете да се вклучите во некоја од нашите бесплатни онлајн презентации за да дознаете како да забележите измама и како да се заштитите од нив:

beconnected.esafety.gov.au/bookings#spot-a-scam

beconnected.esafety.gov.au/bookings#protect-yourself-against-scams

За најнови информации за измамите поврзани со коронавирусот, посетете ја веб-локацијата „ACCC Scamwatch“:

scamwatch.gov.au/covid19

## Ми треба помош, се сомневам дека некој се обидува да ме измами

Ако мислите дека сте биле жртва на измама, не треба да се чувствувате засрамено и да не го кажувате тоа. Постојат чекори што можете да ги направите за да го решите проблемот:

- контактирајте со вашата финансиска институција и запрете го вршењето на секакви други плаќања на измамникот,
- контактирајте со „ID Care“ idcare.org ако некој ги украл или злоупотребил вашите лични податоци,
- пријавете го настанот кај „ACCC Scamwatch“ за да помогнете да се подигне свеста во заедницата scamwatch.gov.au






## Најдете време да ја разгледате веб-локацијата Be Connected

Be Connected е една богата веб-локација со бесплатни ресурси специјално дизајнирани да им помогнат на постарите Австралијци да се поврзат безбедно онлајн и да вршат со самодоверба навигација низ дигиталниот свет. Исто така, локацијата е корисна за семејствата и организациите во заедницата што сакаат да им помогнат на постарите лица да пристапат до сите придобивки од интернетот.

beconnected.esafety.gov.au